Блага ПЕТРОСКА

# СОЦИОЛОГИЈА И ПРОФЕСИЈАТА СОЦИОЛОГ ВО НАШЕТО ОПШТЕСТВО

Научното истражување денеска опфаќа се поширoки и поразновидни области, во зависност од сè поширокиот круг на преокупации и акции на луѓето. Затоа е нормално што проучувањето на човековото општество, на општествениот живот на луѓето денес станува една од главните преокупации на научните истражувања. Во врска со тоа се повеќе се развива и афирмира и социологијата како најопшта наука за општеството, како наука која го утврдува поимот на општеството и законите на неговиот развиток.

Социологијата како наука настанала од потребата на луѓето да го запознаат општеството, за да можат да влијаат врз него, за да можат неговиот развој да го прилагодат на своите потреби и цели. Научното истражување не е цел само за себе, туку најчесто е поврзано со човековиот активен однос кон светот, природата и општеството. Науката служи за одредени потреби. Нејзините сознанија му помагаат на човекот во неговиот активен однос кон средината, на неговите настојувања да ја прилагоди оваа средина на себе и на своите потреби. Од овие причини научното истражување не е цел сама за себе. Ниту една наука, па ни социологијата, не е самата за себе цел. Научното сознание треба да се применува во општествената практика, која, на тој начин, не само што ги верифицира овие сознанија, туку, во исто време, покажува и подготвеност и способност да се користи со постојните резултати од тој план. Без сомневање дека сите науки настанале и се развиваат токму заради практичната дејност, да и служат на таа дејност, зашто стварноста не може да се менува ако точно не се познава. Во таа смисла точното сознание за општеството и одделните општествени појави што го дава социологијата може да им овозможи на луѓето активно да делуваат врз развојот на општеството, врз создавањето на едни, и отстранувањето на други општествени појави како и да го насочуваат развојот на општеството во правецот што го избрале тие.

*
* *

Социологијата е модерна научна дисциплина чија што појава и развој се точно поврзани за индустријализацијата и урбанизацијата. Во својот почеток социологијата своите истражувања тесно ги поврзува за големите градски агломерации, а подоцна ,од почетокот на нашиот век, со настанувањето на револуциите и економските кризи, таа својот научен интерес се повеќе го префрлува на глобален план, обидувајќи се да ги артикулира политичките и класните конфликти. По Втората светска војна констатиравме еден континуиран продор на социологијата, кој пред сè, е резултат на ширењето на нејзината практична примена. Експанзијата на социологијата е условена од вистинските потреби на општеството, така што потреба од социолози и социологија перманентно постои, и е во пораст, а условена е, пред сè, од феноменот на индустријализацијата и урбанизацијата кои се денес светски процеси.

Индустријализацијата, пред сè, значи ефикасност во областа на економскиот живот, а тој проблем денес е уште поактуелен во услови на еколошка криза и криза на суровините. На тој начин проблемот на ефикасноста во прв план го истакнува прашањето на организацијата која мора да се прилагоди на брзите општествени промени (водејќи сметка, се разбира, за општите цели и вредности). Во центарот на вниманието денес е прилагодувањето на организацијата на промените и развојот, при што социолошките познавања имаат мошне значајна улога. Во тој поглед може да се забележи постојаниот пораст на потребата од социолошки истражувачки кадри, така што социолозите денес, во голема мера, се преокупирани со аналитичките работи во индустријата и во урбаното планирање.

Постои и друга причина која доведува до експанзија на социологијата. Не станува збор само за адаптација на промени, туку и за фактот дека на човечкиот фактор му се посветува се поголемо внимание. Карактеристики на денешницата се: демократизација, сè поголемо внимание на човечкиот фактор, меѓу другото и поради зголемувањето нивото на општата култура како и нивото на аспирациите. Според тоа, побарувачката од социолози расте поради функционалните барања на современото општество, и поради неговите хуманистички аспекти.[1] Експанзијата на социологијата по Втората светска војна, пред сè, е резултат на ширењето на нејзината практична примена, но не може да се

[1] Види Руди Супек, Ситуација на социологијата денес во светот, Ревија за социологију, бр. 3—4, Загреб, 1978 г.

занемари ни теоретската експанзија, зашто како предмет и како фундаментална наука таа е воведена на бројни факултети, што покажува дека и општествениот и човечкиот фактор стануваат се позначајни предмети на проучување. Тоа значи дека општествената потреба ја наметнува и развива социологијата како наука и како професија.

Можеме да кажеме дека социологијата се развива како наука и како струка која е неопходна за развојот на општеството, за развојот на индустријата, на масовните комуникации, на слободното време и други појави на современото општество. Но, се разбира дека во секоја земја социологијата има свои специфични карактеристики, во смисла што таа секаде, во склад со условите, во центарот става нешто сопствено, нешто специфично. Така, нормално е социологијата во Јапонија или во Индија, во центарот на своето внимание да го стави односот меѓу традицијата и модернизмот, како што е нормално во Италија основен проблем да биде односот меѓу Северот и Југот, а во Југославија — проблемите на самоуправувањето.[2] Мора да се истакне дека за развојот на социологијата неопходна претпоставка е демократичноста на средината во која таа се развива. Колку оваа претпоставка е значајна може да ни биде јасно од самиот факт што не е нималку случајно што социологијата не се развила во фашистичка Германија, ниту во Италија и неа воопшто ја нема во другите фашистички земји. Ја нема ниту во Советскиот Сојуз за време на Сталин, а не е случајно ни тоа што меѓу сите социјалистички земји социологијата нјмногу почнува да се развива во Југославија во врска со развојот на самоуправниот систем.

За да настане и успешно да се развива понатаму како наука и како струка во наши услови, за социологијата постојат три основни претпоставки:

1) објективна општествена потреба за социологија и социолошка дејност во сите нејзини димензии и облици;

2) субјективна општествена свест за објективна општествена потреба и

3) лично определување и субјективна подготвеност на поединецот кои имаат голема заслуга за брзиот и релативно успешниот почетен развој на социологијата како наука и како професија.[3]

---

[2] Види Иван Кувачиќ, За хуманистичката перспектива на социологијата, во споменатото списание.

[3] Види Мирослав Радовановиќ, Формирање и развој на социологијата и на професијата социолог во современото југословенско општество, часопис Социологија, бр. 1—2, 1976 г.

Процесот на настанувањето и професионализацијата на нашата социологија, пред сè, е поврзан за формирањето на Југословенското друштво за социологија во 1954 година, а непосредно потоа и социолошката секција во нашата Република; за појавата на првите работни места за социолозите; основањето на научните социолошки истражувачки институти и формирањето на универзитетските катедри за професионално оспособување на социолозите (во Белград првата катедра отпочна со работа 1959/60 год. во Скопје на Филозофскиот факултет — во 1975/76 год.). Од април 1980 година се појавува и првата генерација дипломирани студенти по социологија на скопскиот Универзитет. Од 1980 година кога ги добивме првите дипломирани социолози, па заклучно со февруари 1985 година, вкупно дипломирале 107 редовни и вонредни студенти по социологија. Најголемиот број од нив се вработени во областа на образованието.[4]

Подлабоката причина или пошироката општествена потреба како наука и струка произлегува од самата природа на социјалис-
како наука и струка произлегува од самт природа на социјалистичкото општество. Социјалистичкото општество, пред сè, е свесно ,организирано и плански насочено општество кое бара рационално управување, самоуправување и хармоничен развој на општествено-економските и други дејности, процеси и односи.

Неоспорно е дека на различни степени на развојот на технологијата, на развојот на општествената поделба на трудот и на односите во производството настануваат и одредени општествени потреби и нови професии и промени во професионлната поделба на трудот. Колку едно општество е поотворено, толку побргу тоа истакнува одредени барања за промени во професионалната поделба на трудот и има попозитивен однос кон новите професии. Современиот општествен развиток, развојот на производните сили, социјалните конфликти во индустријата, потребата за користење на резултатите на современите општествени науки, го подготвија теренот за развојот на нови хуманистички професи во организационата структура и професионалната поделба на трудот во современото општество. Затоа, во современата индустрија сè позначајна улога имаат новите професии како психологот, социјалниот работник, социологот, ергономот и други. Современата организација на произвдството се повеќе увидува дека за економскиот просперитет не е доволна само нова техно-

[4] До крајот на 1984 год. во СРМ имало вкупно 27 невработени дипломирани социолози. Според евиденцијата од овој месец, во Скопје има вкупно 16 социолози кои бараат работа. Сепак, нашите сознанија се дека сите вработени не се на соодветни работни места.

логија туку и соодветна организација на трудот и поинаков третман на човечкиот фактор во индустријата. Оттука, и отвореноста и заинтересираноста на модреното стопанство за новите професии кои би ги истражувале овие аспекти на стопанскиот живот. Во таа смисла се формираат и посебни служби за истражување на социјалните односи во индустријата, особено на оние односи врзани за проблемите на ефективноста и ефикасноста на работата во процесот на производството.

Ако сакаме да го анализираме пробивањето на оваа нова професија во поделбата на трудот во нашето општество, особено во стопанството, можеме да констатираме дека тој процес сепак многу бавно се одвива и дека професијата социолог сè уште наоѓа меѓу прифаќање и одбивање.[5]

Во нашето општество сè уште не се знае вистинската улога и основната дејност на социологот. Мора да се истакне дека во нашата средина особено е присутна тенденцијата за идентификација на социологот со социјалниот работник и со политикологот. (Врз база на социолошките истражувања на Маца Јоган како можни занимања во рамките на професијата социолог се споменуваат следниве: 1) научно-истражувачка работа; 2) педагошки работи; 3) управно-консултативни и раководни работи и 4) стручно-аналитички работи.[6] Најголем број социолози работат во изведување на наставата по социологија и марксизам. Друга група социолози се вработени во поголеми работни организации. Следи групата социолози вработени во институтите за научно истражување. Во ова истражување констатирано е дека социологот, како истражувач, наидува на различни тешкотии на своето подрачје на истражување на работните организации поради тоа што е изложен на разни притисоци и обиди да му се одреди што „може", а што „не може" да истражува.

Во организациите на здружен труд социологот мора да настојува неговата професионална активност да се сфати исто како и активноста на другите професии, како активност усмерена кон подобрување на условите за работење на организациите, за остварување на се похумани општествени односи и се похумана положба на работните луѓе во работната средина.

Секако дека во услови на економска криза и поизразени општествени спротивности, голема одговорност за натамошниот општествен развој има и науката и политиката. Од тие причини

[5] Д-р Љубиша Р. Митровиќ, Социологот како аналитичар на општествените односи во стопанството, Реферат на Советувањето „Социолог и привреда", одржано во Ниш, мај 1984 г.

[6] Маца Јоган, Социологијата и социолозите во практиката, Социологија, бр. 1, 1983 г.

неопходни се и порадикални промени како во научно-истражувачката ориентација на социолозите (истражување на отворените проблеми на стопанството и на општествените односи во стопанството), поголемо прифаќање на професијата социолог и поголемо самоуправно користење на стручниот на научно-истражувачкиот труд на социолозите. Излезот од сегашните тешкотии не е возможен само со потпирање на новата технологија, туку и низ адекватни промени во организацијата на трудот и развивање на самоуправните општествени односи, подоследно развивање на распределбата спрема резултатите на трудот и поефикасен систем на одлучување во стопанството и општеството. Во однос на овие прашања социолошката наука може и има што да каже. Токму затоа, сметаме дека и кај нас е неопходна поголемата отвореност кон резултатите на социолошките истражувања и поголемата доверба кон професијата социолог.

Неоспорно, постојниот интерес на социолозите за стопанството овозможи да се добијат извесни важни социолошки сознанија и унапредување на социологијата како наука и покрај тоа што социолошкото проучување на стопанството како дел на општеството нема некоја поголема традиција ниту некое позначајно место во современата социологија. Оттука произлегува и оправданоста за поставување на прашањето за односот меѓу социологијата и социолозите кон стопанството и проблемите на стопанскиот живот и нивното влијание врз општествениот живот. Во наши услови тоа прашање е составен дел на поширокото прашање за односот на науката кон стопанството и на стопанството кон науката, прашање кое се однесува на користењето на научните знаења во процесот на развојот на стопанството и на можностите за натамошниот развој на научните знаења за едно такво значајно подрачје на општествениот живот.

Во наши услови се повеќе се наметнува констатацијата дека само единството на науката и задружениот труд ја претставуваат перспективата на натамошниот развој на социјалистичкото самоуправување. Зборувајќи за нашата тема, тоа би значело единство на социологијата и здружениот труд. Секако дека од еден коструктивен однос меѓу социологијата и другите фактори на здружениот труд одредена корист би можело да има нашето стопанство во целина и посебните општествени субјекти во неговиот состав. Нашата желба при тоа е социологијата да стане составен дел на практиката на нашиот општествен живот. Убедени сме дека и социолошките знаења можат да придонесат за зголемување на производствените сили на нашето општество.[7]

[7] Види Глигорије Зајечарановиќ, Социологијата и стопанството и социологот во стопанството, реферат на Советувањето „Социотог и привреда".

Неоспорно, натамошниот развој на самоуправните општествени односи бара од општеството во целина нов однос кон науката, па во тие рамки и адекватен однос кон новите професии и нивните стручни можности и потенцијали. Промената на односот кон науката ќе значи и промена на односот кон социологијата како наука, струка и професија.

Во таа смисла и социологијата мора да ја преземе обврската да стане инструмент на демократијата, на хуманизацијата на животот и на општествениот прогрес. Тоа би било најдобриот пат да го сочува својот дигнитет и како научна дисциплина и како професија. За општественото признавање на нејзиниот статус тоа е тежок пат на труд кој вреди да биде вложен.